**Програма:**

**В.А.Моцарт –** "Vado, ma dove?"
**В.Белини –** "Malinconia, Ninfa gentile"

**Е.Гранадос –** Интермецо од операта "Гоескас"
**Г.Форе –** "Елегија", оп.24

**А.Боито –** "L'altra note in fondo al mare", арија на
Маргерита од операта "Mefistofele"

**А.Абасов –** "Поема" за виолончело и оркестар
(редакција со пијано)

**Г.Доницети –** "So anch'io la virtu magica", арија на
Норина од операта "Don Pasquale"

**Д.Попер –** "Гавот" бр. 2 во Д-дур, оп. 23

**Л.Бернштајн –** "Dream With Me"
за глас, виолончело и пијано

## Паскал Краповски – виолончело

Потекнува од семејство со долгогодишна музичка традиција. Музичкото образование го започнува во Скопје, во класата на Диме Стојанов. Својата музичка надоградба ја продолжува во Софија, Бугарија, во класата на Проф. Анатоли Крстев каде ги завршува и постдипломските студии.

Повеќекратен лауерат на државните натпревари и активен уметник на музичките подиуми како солист и камерен изведувач.

Краповски е водач на групата виолончела при Македонската филхармонија, прв виолончелист на камерниот оркестар при МФ, член на "Music Progressive Quartet" и "BREVIS" квартет.

Доцент е на ФМУ при УГД во Штип, како и наставник при ДМБУЦ "И.Н. Луј" во Скопје.

## Гонца Богоромова – сопран

Средно музичко образование завршува во УЦМО-Штип во класата на Проф. м-р Александра Коцевска. Во периодот 2003 - 2007 година е на додипломски студии на ФМУ во Скопје, во класата на Проф. Билјана Јакимовска-Јовановска, каде што дипломира со највисока оцена CUM LAUDE.

Активно настапува на концертните подиуми и манифестации низ Македонија и надвор од неа, а и како солист со водечките оркестри од земјава.

Во периодот декември 2012 - јануари 2013 настапува како солист со "Wien Klang Sinfonietta" од Виена на новогодишна турнеја низ Кина.

Богоромова е наставник по соло пеење во ДМБУЦ "И.Н. Луј" во Скопје и во Центарот за обука - "ЕВА" и член при хорот на МОБ.

## Милица Шкариќ – пијано

Дипломира пијано и камерна музика во Париз на Ecole Normale Musique de Paris. Се усовршува како солист во класата на Проф. Евгениј Корољов на ФМУ во Хамбург, Германија.

Повеќекратен лауерат е на државни и меѓународни натпревари како и стипендист на фондациите "Albert Roussel", "Gilda Santarelli", "Otto Stoterau", SOROS, DAAD, Junior Faculty Development Program.

Во периодот 2004-2005 година е гостин професор на ФМУ во Ен Арбор, Мичиген-САД.

Настапува како солист и камерен музичар на многубројни подиуми ширум светот. Има снимено и три ЦД-а, на кои се наоѓаат музика од современи балкански композитори, камерна музика од Пол Хиндемит и ремек дела од светската литература за тенор и пијано.

Шкариќ е професор по пијано, методика на настава по пијано и камерна музика на ФМУ при УГД во Штип.